Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-351/5

Датум: 07-05-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 351/1 од 02.04.2024 година, поднесена од група подносители вработени даночни службеници во Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Битола, за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи врз основа на етничка припадност и образование, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 25.04.2024 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на работата и работните односи врз основа на етничка припадност и образование од страна на Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Битола, врз група вработени даночни службеници во Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Битола.

## Образложение

На 02.04.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 351/1, од страна на група вработени даночни службеници во Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Битола против Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Битола (во продолжение УЈП - Битола), за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи врз основа на етничка припадност и образование. Претставката е поднесена од I

група на подносители.

Во претставката групата подносители наведуваат дека континуиран временски период се кршат нивните работнички права, на начин што им се доделуваат работни задачи што не соодветствуваат со склучените Договори за вработување и притоа немаат добиено соодветен надоместок за истите, ниту пак нивните Договори за вработување го вреднуваат нивниот степен на завршено соодветно образование. Подносителите наведуваат дека ваквото постапување од страна на УЈП - Битола е спротивно на член 30 став 3 од Колективниот договор на Управата за јавни приходи бр. 01-4228/1 од 12.07.2023 година како и спротивно на Правилникот за систематизација на работните места бр. 01.6477/5 од 04.11.2016 година и со новодонесениот Правилник за систематизација на работните места бр. 01-597/2 од 09.02.2024 година. На ден 05.03.2024 во УЈП РД Битола биле доставени Договори за вработување, со кои на групата подносители повторно не им се зема предвид степенот на завршено образование и работните задачи што континуирано ги извршувале и притоа

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk

договорите не содржеле правна поука, па групата подносители го пропуштиле законскиот рок за приговор. Тие наведуваат дека работните задачи кои ги извршуваат не се во согласност со Правилникот за систематизација на работните места на Управата за јавни приходи, бидејќи извршувањето на истите е во надлежност на даночните службеници со високо образование, односно даночни службеници коишто припаѓаат во група В2 и В3, додека групата подносители спаѓаат во група В4, Г3 и Г4, односно во најниските групи. Групата подносители наведуваат дека се дискриминирани во споредба со останатите вработени во УЈП РД Битола, бидејќи на дел од нив кои биле вработени како државни службеници им било признаено завршеното високо образование, биле унапредени во даночни службеници и им биле покачени платите 100% во однос на останатите колеги, кои за разлика од нив чекаат со години да им биде вреднуван вложениот труд и да им се признае завршениот степен на високо образование.

На 05.04.2024 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, достави Барање за произнесување по наводите на претставката до УЈП РД Битола.

На 12.04.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна поднесок со произнесување по наводите на претставката од управникот на УЈП РД Битола Зо произнесувањето се наведува дека потребата исклучиво ја утврдува работодавачот, доколку постои работно место согласно Правилникот за систематизација на работни места и се пополнува преку интерен оглас во постапка утврдена со закон. Од УЈП РД Битола, наведуваат дека постапката за усогласување пред надлежните министерства за обезбедување на потребните согласности за донесување на годишниот план за вработување/унапредување за 2024 година е во тек и планот сè уште не е донесен. Во произнесувањето е наведено дека на 30.12.2022 година бил објавен интерен оглас 01/2022 за унапредување на 20 работни места за цел регион, но со оглед на фактот дека во УЈП РД Битола вработени биле 123 лица, немало можност да бидат унапредени сите од нив. Воедно, УЈП РД Битола информира дека работниот однос на вработените е во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во УЈП број 01-597/2 од 09.02.2024 година и согласно член 6 од Договорите за вработување од 2024 година, вработениот е должен да врши во дадени случаи предвидени со закон и колективен договор и друга работа која што не е предвидена со дадениот договор, а е во рамките на степенот на стручна подготовка на вработениот. Во прилог на ова од УЈП РД Битола информираат дека вработениот согласно новата систематизација на работните места добил договор за работа на 22.03.2024 година, согласно кој извршува работни задачи како помлад агент во Демир Хисар. Во поднесокот за произнесување на УЈП РД Битола се наведени податоци и за останатите подносители на претставката, односно информираат дека вработената работи со скратено работно време од 4 часа, а заклучно од 14.08.2023 година извршува работни задачи кои се во согласност со описот и пописот на работно место. Во однос на вработената

наведено е дека истата се обратила лично до Секторот за човечки ресурси при УЈП ГД Скопје, каде што побарала да ѝ бидат вратени работните задачи со персоналните досиеја и притоа се обратила и до управникот на УЈП РД Битола со барање да продолжи како администратор во Комисијата за прекршоци. Дополнително од УЈП РД Битола, укажуваат дека по опис на нејзиното работно место со новата технологија, веќе не се користи телефонската централа туку лични мобилни телефони, па приемот и закажувањето на странки го врши управникот лично и со тоа обврските на асистентот на управникот се сведени на минимум. За вработената
а, која е дел од групата подносители на претставката, од УЈП РД Битола тврдат дека таа е единствена вработена во Одделението за правни работи и не се впушта во давање на сложени правни мислења, туку нејзина основна работа задача е давање одговор на жалби и тужби. Во врска со вработената
, наведено е дека таа добила решение за извршување на вонредни работни задачи - архивар, при што последното решение е до 08.02.2024 година и воедно информираат дека за хигиената во УЈП РД Битола е задолжен
Скопје. Во однос на останатите вработени
а и
известуваат дека истите работат по опис и попис на работните места.

Согласно горенаведените наводи во произнесувањето, УЈП РД Битола смета дека основ за дискриминација, односно различно постапување помеѓу вработените врз основа на етничка припадност и образование не постои и поради тоа тврдат дека не е извршена дискриминација кон подносителите на претставката.

Од утврдената фактичка состојба произлегува дека подносителите на претставката не го направиле веројатно тврдењето за дискриминација. За да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителите на претставката кон потенцијалниот дискриминатор, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **подносителите треба да докажат дека постои јасна причинско – последична врска помеѓу дискриминаторските основи и настанатата повреда**. Освен тоа, за да постои веројатност за дискриминација потребно е да постои и каузалност помеѓу понеповолно постапување и настанатата повреда, односно штета за подносителот, како и поврзаност помеѓу понеповолното постапување и дискриминаторската основа.

Во случајот **не е докажана врската помеѓу заштитните карактеристики на подносителите, наведени како дискриминаторски основи: образование и етничка припадност и наведените повреди во работните односи**. **Дополнително, подносителите не прикажале постоење на нееднаков третман заснован на наведените дискриминаторски основи, односно не ја докажале споредбената врска помеѓу нив како група и групата на вработени кои тврдат дека се унапредени.**

Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Во случај кога не се исполнети елементите на дискриминација, Комисијата нема надлежност изолирано да ги оценува наведените повреди од областа на работата и работните односи. Во однос на потенцијалните повреди во работните односи, подносителите можат да побараат заштита од Државниот инспекторат за труд или судска заштита пред надлежен граѓански суд.

Заради наведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на образование и етничка припадност во областа на работата и работните односи од страна Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Битола врз групата подносители на претставката.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- 
  Ацев бр. 3, 7000 Битола
- Управа за јавни приходи – Битола со седиште на ул. „Мирче Ацев“ бр. 3, 7000 Битола